Врз основа на член 137 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18), врз основа на член 116 од Статутот на БАС, како и врз основа на член 56 и 57 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС, Наставничкиот совет на БАС, на редовната 193 седница одржана на 01.07.2021 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

за прифаќање на извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд и определување на датум за одбрана

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за специјалистички труд (дел.бр. 0302-74/11 од 30.06.2021 година) на студентот **Филип Јовчески**, со досие бр. 2209 и наслов на трудот **„**Иновации во развојот на нови производи и оперативните процеси во прехранбена дејност **“,** проф. д-р Тони Соклевски – ментор, проф. д-р Таип Јакупи - претседател и проф. д-р Гордана Тасевска – член

**Член 2**

За датум на одбраната на специјалистичкиот труд се определува 08.07.2021 година (четврток) со почеток во 12:30 часот, БАС Битола.

**Член 3**

Одлуката за усвојување на извештајот и датумот за одбрана на специјалистичкиот труд да се достави на студентот, членовите на комисијата и да се објави на интернет страницата на БАС.

**Член 4**

Менторот има обврска завршниот труд да го постави во базата на специјалистички трудови на образовниот портал на БАС, веднаш по одбраната на специјалистичкиот труд.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**